## ТИТО ЧЕТИРИЕСЕТ ГОДИНИ НА ЧЕЛО НА СКЈ 1937—1977,

**Белград, 1978, с. 814**

Здружените издавачи — „Народна књига“ Белград, „Партизанска књига“ Љубљана — ООЗТ „Монос“ Белград и „Нова Македонија“ Скопје, одбележувајќи ги јубилеите на другарот Тито и на нашите работни луѓе — четириесетгодишнината од доаѓањето на другарот Тито на чело на Комунистичката партија на Југославија и 85-годишнината на неговиот живот, ја издадоа публикацијата „Тито четириесет години на чело на СКЈ 1937—1977“. Во неа се осветлени некои најбитни аспекти на Титовата револуционерна, политичка и државничка активност во текот на повеќе од четири децении.

Во публикацијата се објавени 25 научни и теоретски трудови: избор од трудовите на другарот Тито, хронологија на најважните настани од неговиот живот и неговата работа, како и посебни прилози — изјави на познати личности за Тито и неговото дело и околу 400 фотографии и факсимили на документи. Макар што целата публикација образува единствена и на соодветен начин заокружена целина, таа е поделена на четири дела. На крајот се поместени: Збор на редакцијата, Кратенки и Регистар на лични имиња.

Во почетокот на публикацијата се изнесени: говорот на д-р Владимир Бакариќ „На Титовиот пат” (7—18), одржан на Свечената седница на ЦК СКЈ по повод 85-тиот роденден и 40 години од доаѓањето на другарот Тито на чело на КПЈ, во Собранието на СФРЈ, на 24 мај 1977 година и биографскиот прилог „Јосип Броз Тито” (с. 19—49) од д-р Перо Дамјановиќ.

Првиот дел „Борба за консолидација на Комунистичката партија на Југославија и напорите за одбрана на земјата од фашизмот 1937—1941” (с. 51—122) ги опфаќа трудовите на: Едвард Кардељ „Сеќавање за доаѓањето на другарот Тито на чело на Партијата”; д-р Перо Дамјановиќ „Борбата на КПЈ против фашизмот во светлината на меѓународното антифашистичко

движење од VII конгрес на Коминтерната до 1941 година"; Крсто Попивода „Марксистичкото образование на партиските кадри".

Во вториот дел „Народноослободителната војна и Социјалистичката револуција на народите и народностите на Југославија 1941—1945" (с. 123—274) се изнесени трудовите на: Перо Морача „Титовата концепција на Народноослободителната војна"; д-р Душан Живковиќ „Новата народна власт — основна придобивка на Социјалистичката револуција на Југославија"; д-р Душан Живковиќ „КПЈ и масовните организации на НОП во борбата за единство на масите (1941—1945)"; д-р Петар Качавенда „Сојузот на комунистичката младина на Југославија од 1937 до 1948"; д-р Владо Стругар „Борба за меѓународно признавање на федерацијата Југославија (1941 — 1945)". Во овој дел, во македонското издание се вклучени две поголеми одломки од трудовите на академикот Михаило Апостолски „Ослободителната војна во Македонија" и на проф. д-р Александар Христов „Државноправни елементи во изградувањето на Македонија како федерална држава", со кои се добива покомплетна слика за развојот на Народноослободителното движење во Македонија и конституирањето на македонската државност.

„Изградбата и развојот на Социјалистичка самоуправна Југославија 1945—1977" (с. 275—557) е насловот на третиот дел. Тука се поместени трудовите на: д-р Бранко Петрановиќ „Промените на општествено-економските односи во Југославија од 1944 до 1947"; д-р Душан Биланџиќ „Револуционерниот етатизам во Југославија"; д-р Најдан Пашиќ „Развојот на самоуправувањето во Југославија"; Душан Петровиќ—Шане „Социјалистичкиот сојуз — борбен фронт на работничката класа и на работните луѓе на Југославија"; Вида Томшич „Комунистичката партија на Југославија во борба за еманципација на жената"; Азем Власи „Младите и самоуправувањето"; д-р Стипе Шувар „Титовото дело, Социјалистичката револуција и културниот развиток на југословенското општество"; Киро Хаџи Василев „Тито и националното прашање"; генерал на армија Никола Љубичиќ „Титовата концепција за општонародната одбрана"; д-р Чедомир Штрбац „Борбата на КПЈ против догматизмот и сталинизмот во меѓународното работничко движење"; Милош Миниќ „Тито — неимар на движењето на неврзаноста"; Лео Матес „Антиколонијалните револуции во светот и нова Југославија"; д-р Александар Грличков „Сојузот на комунистите на Југославија и соработката во современото комунистичко и работничко движење".

Во четвртиот дел „Документи, хронологија и други прилози" (с. 561—796) во почетокот е даден избор од трудовите на Јосип Броз Тито од 1926 до 1977 година, со цел да се пре-

зентираат некои Титови мисли, идеи, оценки и активности што го карактеризираат развојниот пат на борбата на КПЈ/СКЈ во неговото богато историско минато. Изборот е направен од повеќетомниот опус на Титовите трудови, кои се објавени или се наоѓаат во фаза на подготовка за објавување. Изборот на трудовите е поделен во пет групи: I. „Борба за изградба и консолидација на Партијата" (с. 561—584); II. „Стратегија на војната и револуцијата" (с. 585—604); III. „СКЈ — авангарда на борбата за социјализам" (с. 605—631); IV. „Самоуправен социјализам" (с. 633—643); V. „Борба за мир и рамноправност на народите" (с. 645—656).

Во иста смисла е даден и избор од позначајните документи за формирањето и меѓународната политика на СФРЈ (1940—1977) (с. 659—688), во чие креирање другарот Тито на одреден начин учествуваше како водач на нашата Револуција, СКЈ и социјалистичка Југославија.

Хронологијата на револуционерната, политичката и државничката активност на Јосип Броз Тито (с. 691—764) ги дава основните податоци за неговата сестрана и богата работа. Во неа се средени податоците и информациите за периодот од 1910 до 1977 година.

На крајот од овој дел е поместен прилогот приреден од д-р Слободан Нешовиќ „Светот за Тито" (с. 767—796), во кој се изнесени искажувања за Тито како револуционер, војсководец и државник од следните познати личности: Винстон Черчил (с. 767, 777, 787, 794), Климент Ворошилов (с. 767), Пол Дејвит (с. 767), Никола Тесла (с. 767, 768), Херман Нојбахер (с. 768), Зигфрид Каше (с. 768), Литерс Рудолф (с. 768, 769), Јозеф Гебелс (с. 769), Адолф Хитлер (с. 769, 772), Луј Адамич (с. 769), Хауард Смит (с. 769), Даниел Делуе (с. 769, 770), Лотар Рендулиц (с. 770, 774, 777, 780), Никол Рагус (с. 770), Хајнрих Фрај (с. 770, 771), Добри Трпешев (с. 771), Берта Гастер (с. 771), С. Л. Сулцбергер (с. 771), Виктор Бернштајн (с. 771), Антони Идн (с. 772, 779), Џозеф Старобин (с. 772), С. Белиников (с. 772, 773), Ерик Греј (с. 773), д-р. Хејден Гест (с. 773, 774), Д. Монин (с. 774), Ј. В. Сталин (с. 774, 788), Фиорело Лагвардиа (с. 774), Хауард Фаст (с. 774, 776, 778), Луј Невалев (с. 776), Џон Талбот (с. 776), Рандолф Черчил (с. 776, 777), Макс Вернер (с. 777), Валтер Бернштајн (с. 777, 778), Роберт Џон (с. 778), Александар Гондуров (с. 778, 779), Харолд Александер (с. 779), Карлос Ромуло (с. 779), д-р Херберт Еват (с. 779), В. Летрих (с. 779), Болеслав Бјерут (с. 779), Палмиро Толјати (с. 779, 780), Франтишек Круљ (с. 780), Жан Верно (с. 780), Ѓакомо Занусн (с. 780), Хајнрих Химлер (с. 780), Кристијан Пино (с. 780), Хју Вилиамс (с. 780, 781), Џулијан Емерик (с. 781), Фицрој Меклејн (с. 781), Леонид Брежнев (с. 781), Анастас Микојан (с. 781, 783), Георгиј Константинович Жуков (с. 783), Хари Труман

(с. 785), Дејвид Рејмонд (с. 786), Џулиус Њерере (с. 786), Ахмет Секу Туре (с. 786), Хабиб Бургиба (с. 786), Паз Естенсоро (с. 786), И. Ленов (с. 786, 787), Андреј Александрович Жданов (с. 787), д-р. Стојан Прибиќевиќ (с. 787), Проф. Јерусалимски (с. 788), Златко Балоковиќ (с. 788, 789), Чарли Чаплин (с. 789), д-р. Владимир Клементис (с. 789), Б. Н. Полевој (с. 789), Георги Димитров (с. 789), Никола Ленков (с. 789), Мишел Анри (с. 789), Валтер Хофман (с. 789, 790), Адлај Стивенсон (с. 790), Бернард Монтгомери (с. 790), Мајкл Фут (с. 790), Џавахарлал Нехру (с. 790), д-р Сарвепали Радакришнан (с. 790), Гамал Абдел Насер (с. 790), Џон Фостер Далс (с. 790), Киву Стојка (с. 790), Луиѓи Лонго (с. 790, 791), Ли Чан Чен (с. 791), Хо Ши Мин (с. 791), д-р Ернесто Гевара Че (с. 791), Пиетро Нени (с. 791), Џон Оукис (с. 791), Ахмед Бен Бела (с. 791), Вилијам Фулбрајт (с. 791), Роберт Кенеди (с. 791), Алдо Моро (с. 791, 792), Енвер Хоџа (с. 793), Васил Коларов (с. 793), Золтан Тилди (с. 793), Аверел Харимаи (с. 793, 794), Никита Сергеевич Хрушчов (с. 794), Морис Торез (с. 794), Антон Југов (с. 794), Чу Ен Лај (с. 795), Соломон Бандаранаике (с. 795), Константин Караманлис (с. 795), Карл Густав Стрем (с. 795, 796), Николас Карол (с. 796), Ерик Бурн (с. 796), Ханс Кепер и Хари Шлајхер (с. 796), Ѓузепе Унгарети (с. 796).

На крајот би истакнале дека со објавувањето на оваа публикација нејзините читатели ќе можат да добијат една покомплетна слика за Титовото дело.

Надежда ЦВЕТКОВСКА